70 години ДАНОЧЕН СИСТЕМ

Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

20 години ДЕН НА ДАНОЧНИ РАБОТНИЦИ

Подготвува и издава: Управа за јавни приходи
Република Македонија
бул. „Кузман Јосифовски-Питу" бр.1
1000 Скопје
www.ujp.gov.mk
info@ujp.gov.mk

Дата на издавање: 20.11.2017 година

Уредници: Даниела Бошковска - Сектор за поддршка на директорот и односи со јавност
Душко Гошевски - Директорат за поддршка на активностите на УЈП
Весна Новаковиќ - Сектор за меѓународна соработка

Дизајн и припрема: Драгица Николоска - Сектор за поддршка на директорот и односи со јавност

Наслов: 70 години Даночен систем и 20 години Ден на даночни работници во Република Македонија

ISBN: 978-608-4592-89-1
Бр: 10-7884/1

**2017 © Управа за јавни приходи**

*Материјалот е наменет за некомерцијални цели на Управата за јавни приходи. Копирање, умножување и употреба на материјалот за комерцијални цели не е дозволено. При користење на податоци од публикациите на Управата за јавни приходи потребно е да се цитира изворот.*

# СОДРЖИНА

70 ГОДИНИ – ДАНОЧЕН СИСТЕМ....................2

20 ГОДИНИ – ДЕН НА ДАНОЧНИ РАБОТНИЦИ....................4

ВРЕДНОСТИ....................5

МИСИЈА И ВИЗИЈА....................6

НОВИТЕТИ ВО УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ....................7

УЧЕСТВО ВО ПРОГРАМИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И ЧЛЕНСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ ....................13

# 70 ГОДИНИ - ДАНОЧЕН СИСТЕМ

Темелите на даночната регулатива во Република Македонија се воспоставени со Законот за даноците објавен во „Службен лист на СФРЈ" бр.105/46, кој почнува да важи од 01.01.1947 година. Со овој закон се регулирани повеќе даночно-правни институти: данокот на промет на производи, данокот на подарок, данокот на наследство, даночни ослободувања и олеснувања, даночна постапка, застареност и глоби.
Во периодот од седум децении, даночниот систем е менуван и развиван во согласност со општествено-политичките состојби.
Во 1952 година е направена првата реформа во даночната регулатива, донесен е Основен закон за општествен придонес и за даноците („Службен весник на ФНРЈ", бр.1/52), со кој е извршена детална класификација на видовите на даноци на: данок на промет, данок на екстра добивка, данок на вишок на фондот на платите, данок на доход, данок на наследство и подарок, локален данок и месен самопридонес. Со посебни одредби уредена е контрола од страна на финансиски органи.
Со Законот за придонесите и даноците на граѓаните од 1967 година („Службен весник на НРМ", бр.37/67) се проширува даночната основа, опфатени се личниот доход од самостојно вршење на интелектуални услуги, авторски права, патенти и технички унапредувања, приходи од згради, имот и имотни права дополнителна работа и земјоделско производство. Со овој закон проширени се и дејствијата за наплата преку попис и продажба, извршување од побарувања и од нестасани обврски. Законот опфаќа и повеќе области кои биле регулирани со посебни закони, а кои престануваат да важат со неговото донесување: Закон за општински локален данок („Службен весник на НРМ", бр.15/59), Закон за месен самопридонес („Службен весник на НРМ", бр.40/55), Закон за даночно книговодство („Службен весник на НРМ", бр.40/55), како и повеќе подзаконски акти за уредување на плаќање на приходите.
Дотогашното работење на органот надлежен за приходите е регулиран со повеќе прописи и тоа Основен закон за средствата за работа на органите на управата („Службен весник на НРМ", бр.46/64), Закон за самоуправување и работни односи во органите на управата („Службен весник на НРМ", бр. 28/65) и други подзаконски акти.
Во 1968 година, со Закон за организација и финансирање на службата за приходи („Службен весник на НРМ", бр.42/68) е формиран посебен орган во состав на Секретаријатот за финансии како Управа за општествени приходи. Регулирано е извршувањето и контролата на наплатата на придонесите, даноците и таксите со инспекција за приходи, уредено е

издавањето на легитимации, делокруг на контрола на инспекторите, регулирање на посебни средства за унапредување на организацијата на Управата за приходи.
Во 1976 година, со измени на Законот, дополнително се уредени начинот на финансирање на органот како и воведување на совети на корисници на приходи кои имале надлежност за мислење за именување на раководното лице на органот во секоја општина, на внатрешната организација и систематизација, за измена на даночна регулатива, разгледување на успешноста на планот за наплата и друго. Со овој закон, нормативно е раздвоена со посебни закони организацијата за наплата на приходи од законите кои ја регулираат постапката и видот на приходите.

По стекнувањето на независност и самостојност на Република Македонија, за разлика од претходното федерално уредување на даночната материја и организација на органот за приходи, даночниот систем на РМ е реформиран во согласност со Уставот на РМ од 1991 година, во духот на определбата на современото демократско општество. Новиот даночен систем е базиран на принципите на пазарна економија, слобода на пазар и претприемништво, право на приватна сопственост и нејзина заштита, прифаќање на меѓународните норми и стандарди.
Во 1993 година, донесен е нов Закон за Управа за јавни приходи, Закон за персонален данок на доход и Закон за данок на добивка („Службен весник на РМ", бр.80/93), со кои се основа Управа за јавни приходи како орган во состав на Министерството за финансии и со кои се уредени утврдувањето, контролата и наплатата на јавните приходи во Република Македонија. Управата за јавни приходи ги превзема во својот состав и вработените кои вршеле финансиска контрола од Службата за општествено книговодство. Овие закони почнаа со примена од 01.01.1994 година.
Во 2000 година, влегува во сила Законот за данок на додадена вредност („Службен весник на РМ", бр.44/99), кој го заменува претходниот Закон за данок на промет на производи и услуги.
Во 2005 година, со Законот за Управа за јавни приходи („Службен весник на РМ", бр.81/05) и со подоцнежните измени се регулирани специфичностите во правата, обврските и одговорностите на службениците со цел да се подигне степенот на професионализам кај даночните службеници со посебни должности и овластувања, преку одредби за Кодекс за однесување, доверливост, забрана за вршење на профитна дејност и други.
Со Законот за Управа за јавни приходи од 2014 година („Службен весник на РМ", бр.43/14) е уредена постојната структура, надлежност и делокруг на работењето на Управата за јавни приходи.

# 20 ГОДИНИ – ДЕН НА ДАНОЧНИ РАБОТНИЦИ

Почетоците за одбележување на Денот на даночните работници датираат од 1997 година, кога помала група вработени докажани експерти по даночна материја за првпат го одбележале Денот на даночниците на ден 29.11.1997 година во просториите на Министерството за финансии на Република Македонија. Нивната намера да им се даде внимание на даночните работници била значењето на Управата за јавни приходи што го има во обезбедувањето на финансиски средства за функционирање на државата. Оваа мала група на ентузијасти веднаш добила голема поддршка од самите вработени во Управата за јавни приходи, од вработените од Царинската управа и од други лица кои професионално се занимавале со даночната проблематика.
Низ годините што следеле Денот на даночните работници се одбележувал во секоја организациона единица посебно, а почнувајќи од 2007 година се организирала поголема прослава на која се поканувале вработените во Управата за јавни приходи, државни институции со кои Управата за јавни приходи соработувала, како и претставници од меѓународни организации.

На одбележувањето на Денот на даночните работници се прави осврт на работата за тековната година, се наградуваат најуспешните даночни работници, се оддава признание на вработените кои непрекинато и посветено работат во Управата за јавни приходи 10, 20, 30 и 40 години, им се искажува благодарност на пензионерите од тековната година за нивната долгогодишна и успешна работа во Управата за јавни приходи и се доделуваат плакети на најуспешната организациона единица на УЈП, како и институција односно меѓународна организација, кои допринеле за усовршување и модернизација на Управата за јавни приходи.
Со свои активности во одбележување на Денот на даночните работници учествува и Синдикалната организација на вработените во Управата за јавни приходи, која организира хуманитарни активности, крводарителски акции и спортски активности. Во крводарителската акција учество земаат голем број на вработени од сите организациони единици на Управата за јавни приходи на територија на Република Македонија.
Управата за јавни приходи делува во духот на начелото на јавниот интерес и општествена одговорност. Вработените поттикнати од желбата да покажат поинаква одговорност, со активностите од хуманитарен и поширок социјален карактер организирани преку Синдикалната организација, на Денот на даночните работници ја изразуваат својата хуманост преку донирање на парични средства на најранливите групи на кои помошта им е најпотребна.

## ВРЕДНОСТИ

- *Професионалност* која обезбедува законски, објективен, ефикасен, едноставен и еднаков однос кон сите даночни обврзници и користење на податоците за даночните обврзници само за целите во надлежност на УЈП.
- *Услужност* која на даночните обврзници им обезбедува брз и лесен пристап до информациите кои им се потребни за навремено и законско исполнување на даночните обврски.
- *Грижа за човечкиот капитал* преку промовирање и поттикнување на лидерството, објективно вреднување на вештините и на знаењето, но и на времето и вложениот труд на вработените.
- *Управување и раководење* врз основа на внатрешните и надворешните потреби на корисниците на услугите (ИСО 9001:2008 системот за квалитет) и утврдените ризици во сите сфери на работењето во институцијата.
- *Борба против корупцијата и неплаќачите на данок* раководејќи се од основните уставни права дека секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон.

Стратешките цели на Управата за јавни приходи се одраз на процесот на модернизација и заложбите за подобрување на услугите кон даночните обврзници, зајакнување на административните капацитети на даночната администрација и приближување кон практиките и стандардите на Европската Унија.



# МИСИЈА

Управата за јавни приходи да обезбеди висок квалитет на услуги за даночните обврзници, поедноставени даночни постапки за навремено и точно исполнување на обврските и праведно и ефикасно собирање на даноците и на другите јавни давачки.

# ВИЗИЈА

Управата за јавни приходи да стане модел за професионална организација препознатлива според најдобрите практики и стандардите за квалитет.



# НОВИТЕТИ ВО УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

## Модерен Контакт центар

Со цел давање навремени и квалитетни услуги на обврзниците во рамките на Регионална дирекција Скопје отворен е модерен Контакт/Повикувачки центар.

Услугите што ги дава Контакт центарот треба да ги јакнат довербата, кредибилитетот и угледот на Управата за јавни приходи во очите на јавноста, а притоа да одговорат како на потребите на обврзниците – поедноставување на процедурите, унапредување на услугите, намалување на административните трошоци, така и на потребите на даночната администрација.

Контакт центарот функционира со цел: подобрување на наплатата и на доброволното исполнување на даночните обврски; зголемување на нивото на задоволство на обврзниците; лесен и едноставен пристап до даночни информации; намалување на потребата од директен контакт со вработените и посета на канцелариите на УЈП; олеснување и поедноставување на процедурите; утврдување на слабостите во внатре-организациските процедури и во процесот на оданочување; и намалување на трошоците за комуникација.

Контакт центарот на УЈП обезбедува услуги преку: Повикувачки центар (Инфо линија 0800 33 000 и 198 - линија за пријавување на неправилност) и Приемна канцеларија.

Услугите преку Повикувачкиот центар се бесплатни и достапни за обврзниците на целата територија на Република Македонија.

Приемната канцеларија прима даночни пријави, барања и поднесоци без разлика на местото на седиште/живеалиште на даночниот обврзник.

Модерниот Контакт центар на УЈП ги обезбедува следните услуги: Закажи средба, Информа, Мој профил, Пин код, Пријави неправилности, Електронско сандаче, Приемни шалтери, Канцеларии за средби, Инфо центар и Мобилен даночен шалтер. Прегледот и пристапот до услугите е овозможен преку новата веб страница на Конкат центарот.

## kontaktcentar.ujp.gov.mk

Новата веб страница на Контакт центарот на УЈП kontaktcentar.ujp.gov.mk овозможува преглед и пристап до сите услуги на Контакт центарот и обезбедува даночни информации за вработените и за даночните обврзници.

### Закажи средба

Секој даночен обврзник кој има потреба од информации или помош за тоа како да плати данок, да побара консултација во врска со даночната регулатива или некоја друга услуга од УЈП, ќе мора претходно да закаже средба со даночен агент. Услугата за закажување на средба ќе биде достапна само за Регионалната дирекција Скопје кон крајот на 2017 година, а за останатите даночни канцеларии во наредниот период. Електронскиот систем за закажување на средби на даночните обврзници им овозможува да закажат средба со даночен службеник и да бидат услужени на најдобар можен начин без повторно враќање и без метежи на шалтери, а од друга страна ќе се овозможи даночните службеници да ја организираат својата работа на рационален и конзистентен начин, со цел да му обезбедат точни информации на даночниот обврзник врз основа на податоците и евиденциите на УЈП.

### Информа

Информа е база на знаење односно даночни прашања и одговори достапни за сите даночни службеници на УЈП и за даночните обврзници. Информа е наменета да биде главен извор на даночни информации достапни преку Интранет на УЈП и преку веб страницата на Контакт центарот kontaktcentar.ujp.gov.mk
Информа е веќе достапна за вработените во УЈП, а за даночните обврзници ќе биде достапна кон крајот на 2017 година, со што даночните обврзници ќе имаат електронски пристап до најчето поставуваните прашања, даночните информации и објаснувања за примена на прописите, измени на законска регулатива и процедури за оданочување.
Информа е организирана на начин кој овозможува пребарување според: наслови (даноци); поглавја (главни концепти во секој данок); подпоглавја (краток опис на член или група на членови од закон/подзаконски акт кој се применува за конкретното прашање); и прашања (секое прашање се идентификува со референтен број и краток опис).

### Систем на чекање

Системот е наменет за даночни обврзници кои поднесуваат поднесоци во хартиена форма и за обврзници кои имаат потреба да остварат средба и контакт со даночни службеници во Контакт центарот и во Регионална дирекција Скопје.
Системот на чекање обезбедува мониторинг на услугите на УЈП, на бројот на услужени даночни обврзници според видот на услуги, на времето на чекање и на давањето на услугата, како и оценка на квалитетот на услугата од страна на корисниците.



**Мобилен даночен шалтер**

Услугата „Мобилен даночен шалтер" овозможува *Ние да дојдеме кај Вас, наместо Вие кај Нас*. Со специјално опремените комбиња како даночни канцеларии, даночниците ги посетуваат населените места каде Управата за јавни приходи нема постојани даночни канцеларии, како и локации кои дополнително можат да се утврдат во соработка со општините и потребите на локалното население и бизниси. Граѓаните и фирмите, без да го напуштат своето место на живеење/седиште, можат да ги добијат сите даночни услуги и информации, да ги достават сите видови на даночни пријави и можност за избор на начинот на достава на даночните документи што ги издава Управата за јавни приходи (пр. преку пошта, лично со избор на даночната канцеларија, е-пошта).

Возниот ред на Мобилните даночни шалтери се објавува секој месец на веб страницата на УЈП www.ujp.gov.mk/mk/otvoreni_povici и на веб страницата на Контакт центарот kontaktcentar.ujp.gov.mk



**Даночна едукација на нови бизниси**

Управата за јавни приходи продолжува со спроведувањето на даночните обуки за новорегистрираните деловни субјекти, со цел подигнување на даночната свест, на доброволната усогласеност и создавање на реални претпоставки за навремено поднесување на даночни пријави и плаќање на даноците.



**Поедноставување на процедурите за известување и плаќање на персоналниот данок на доход за граѓаните и издавање на предпополнета Годишна даночна пријава**

Со оваа реформа е предвидено Годишната даночна пријава да биде пополнета од страна на Управата за јавни приходи, и истата електронски да се достави на даночниот обврзник на одобрување. Управата за јавни приходи со предпополнетата Годишна даночна пријава ќе достави и налог за плаќање според податоците за даночните обврзници –граѓани со кои располага, и тоа: бруто приход, даночни олеснувања, платен персонален данок на доход во календарската година, интегрирани податоци од различни релевантни бази на податоци за целите на оданочувањето на граѓаните, податоците од трети страни. Со одобрување на пријавата од страна на даночниот обврзник истата ќе се смета за поднесена во УЈП. Оваа услуга ќе започне да се применува од 2019 година кога граѓаните ќе имаат обврска да ја потврдат предпополнетата Годишна даночна пријава за остварените приходи во 2018 година.

За целите на Проектот „Поедноставување на процедурите за известување и плаќање на персонален данок на доход за граѓаните“ ќе се воспостави автоматизирана размена на податоци за даночни цели со носителите на платен промет и други институции, за доставување на податоци до УЈП за приходите исплатени на граѓаните. Управата за јавни приходи од почетокот на 2018 година ќе воведе нов електронски систем за персонален данок „е-Персонален данок”, кој ќе овозможи доставување и обработка на податоците по електронски пат и едновремена исплата на приход и персонален данок, за сите видови на приходи со исклучок за бруто платите. Со овој проект ќе се изврши специјализација на работењето со даночните обврзници - физички лица, што ќе ги засили капацитетите на УЈП за работа со граѓаните преку проширување и интегрирање на базата на податоци на УЈП, ќе бидат интегрирани податоци за секој даночен обврзник за сите видови на приходи, социјалните придонеси од плата, воведување на електронско даночно досие за физички лица (граѓани) со соодветен систем за следење, анализа на податоци и извештаи, контрола и утврдување на ризик, како и за поддршка на обврзниците за полесна доброволна усогласеност.



## Систем за евалуација на ризици

Целта на овој проект е воспоставување на објективна и точна селекција на даночни обврзници за контрола, преку унапредување на процесот на анализа на ризик во надворешната контрола и управувањето со ризикот на усогласеноста кај даночните обврзници. Реализацијата на проектот за воспоставување на систем за евалуација на ризици (Risk Evaluation System – RES) ќе се одвива преку развој на софтвер.



## Развој и реинженеринг на работните процеси со цел имплементација на нов даночен интегриран ИТ систем

Проектот треба да овозможи нови, едноставни, ефикасни и кориснички ориентирани процедури, усогласени со потребите и барањата на даночните обврзници, трети страни и стандардите на ЕУ.

Со воведување на нов интегриран ИТ систем ќе се обединат сите работни процеси, целосно ќе се интегрира евиденцискиот систем базиран на електронски внес на податоци од и за даночните обврзници, ќе се воспостави двојно книговодство според прописите за сметководствените стандарди и една сметка за плаќање на сите даночни обврски, примена на системите за управување со ризик, работа на случаи и водење на

статистики и изработка на извештаи, прилагодлив на законските промени и перманентно достапен за даночните обврзници. Системот ќе овозможи целосна електронска комуникација и размена на податоци со институциите во Република Македонија (преземање на податоци од регистри, давање податоци од евиденциите на УЈП на други институции, одвивање на државниот едношалтерски систем и системот на е-Даноци, електронска архива - распоредување и следење на движењето на документите и поврзување со Министерството за финансии и сите органи во негов состав), и во меѓународни рамки со членките на Европската Унија преку нејзините органи и организации и за други цели дефинирани со ОЕЦД стандардите. Имплементацијата на нов даночен интегриран ИТ систем е во насока на подготовка на институцијата и исполнување на условите за влез на Република Македонија во Европската Унија.

**Формирање на Центар за опоравување од катастрофи**

Во согласност со стандардите на ЕУ во оваа област, и имајќи ја предвид важноста и значењето на системите за управување со јавни финасии, чувствителноста и сопственоста на податоците, потребата од нивна заштита и чување резервни копии на податоци, треба да се воспостави сигурен центар за чување податоци на друга локација. Таквиот систем ќе овозможи воспоставување копија од постојните ИКТ системи и бази на податоци на секундарна локација, со што ќе се обезбеди непречено функционирање на основните работни процеси на системот за УЈП во случај на криза (катастрофи). Модернизацијата на ИТ алатките и оптимизацијата на работните процеси остануваат да бидат приоритет заедно со постигнувањето интерконективност и интероперабилност на даночниот ИТ систем и обезбедувањето непречено функционирање и простории за далечинско управување со резервни копии на податоци на друга локација.
Центарот за опоравување од катастрофи за УЈП е потреба, со цел да се обезбеди непречено функционирање и обезбедување податоци за приходите/даноците во случај на криза и природни катастрофи, имајќи ги предвид претходните случувања во Скопје и добрите практики препорачани за кое било владино ИТ решение.

**Управување со ризик на усогласеност**
УЈП воведува системски пристап во управувањето со ризиците на даночна усогласеност. Со цел имплементација на системскиот пристап во управувањето со ризиците на даночна усогласеност и унапредување на методолошката основа за изготвување и спроведување на плановите за усогласеност, УЈП користи техничка помош од ММФ и користи искуства достапни преку ЕУ програми и членство во меѓународни организации.

* * *

*Управата за јавни приходи продолжува со остварување на зацртаните цели и проекти, и на идни предизвици за реализација на силна законска, организациска и управувачка рамка која треба да обезбеди капацитет за ефикасно спроведување на законодавството и борба против одбегнување на плаќање на даноците.*

# УЧЕСТВО ВО ПРОГРАМИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И ЧЛЕНСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Македонската даночна администрација за размена на искуство и следење на даночните политики и практики на земјите членки на ЕУ учествува во Програмата ФИСКАЛИС 2020, го користи Инструментот за техничка помош и размена на информации (TAIEX) и достапните програми преку Интра-Европската организација на даночни администрави (ИОТА) и преку регионалниот центар за развој на финансии (ЦЕФ).

Со претстојните проекти и поддршката од Европската Унија и партнерите, се обезбедува зајакнување на капацитетите на даночната администрација, можност за брзо прилагодување и брза имплементација на новите даночните политики и мерки без оглед дали тие произлегуваат од Директивите и стандардите на Европската Унија или стратешките определби на Владата на Република Македонија за реформи во даночната политика.



ГЕНЕРАЛНА ДИРЕКЦИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА ГОЛЕМИ ДАНОЧНИ ОБВРЗНИЦИ
РД СКОПЈЕ
РД ТЕТОВО
ДО ГОСТИВАР
ДО КИЧЕВО
ДО ДЕБАР
РД БИТОЛА
ДО ОХРИД
ДО СТРУГА
ДО РЕСЕН
ДШ ДЕМИР ХИСАР
РД ПРИЛЕП
ДО КАВАДАРЦИ
ДО ВЕЛЕС
ДО НЕГОТИНО
ДШ КРУШЕВО
ДШ МАКЕДОНСКИ БРОД
РД ШТИП
ДО КУМАНОВО
ДО КРИВА ПАЛАНКА
ДО КОЧАНИ
ДО ВИНИЦА
ДО СВЕТИ НИКОЛЕ
ДШ ДЕЛЧЕВО
ДШ КРАТОВО
ДШ ПРОБИШТИП
РД СТРУМИЦА
ДО БЕРОВО
ДО ГЕВГЕЛИЈА
ДО РАДОВИШ
ДШ ВАЛАНДОВО

www.ujp.gov.mk

info@ujp.gov.mk

Инфо центар 0800 33 000

Пријави неправилности 198

www.etax-fl.ujp.gov.mk

www.e-aukcii.ujp.gov.mk